Inicijativa za REKOM
Initiative for RECOM
Иницијашива за РЕКОМ
Nisma për KOMRA
Pobuda za REKOM

**Извештај за прогресот на јавното заговарање на Иницијативата РЕКОМ**
октомври 2011 – мај 2012.

Втората фаза на процесот РЕКОМ,*Институционализацијата на Иницијативата РЕКОМ,* започна со формирање на Регионалниот тим јавни заговарачи (РТЈЗ), во октомври 2011. година. Членовите на тимот, на покана на Фондот за хуманитарно право, ги предложија партнерските организации во реализацијата на проектот, кои активно учествуваа во трииполгодишниот консултативен процес за мандатот на РЕКОМ: Здравко Гребо, професор на Правниот факултет во Сараево, Дино Мустафиќ, театарски режисер и новинарката Џенана Каруп-Друшко (БиХ), Жарко Пуховски, професор на Филозофскиот факутет во Загрев (Хрватска), Билјана Ванковска, професорка на Филозофскиот факултет во Скопје (Македонија), новинарот Игор Мекина (Словенија), новинарот Душко Вуковиќ (Црна Гора), новинарот Динко Грухоњиќ и активистката за човекови права Наташа Кандиќ (Србија) Од Косово стаса предлог за член кој не го прифатија некои членови на Коалицијата за РЕКОМ, заради што именувањето на член на РТЈЗ од Косово е одложено. РТЈЗ **подготвителниот состанок** го одржа на **9.10.2011.** година во Белград. На тој состанок е анализирана политичката ситуација во секоја земја поединечно, а потоа се расправаше за потребата за вклучување на политичкото заговарање со активности за јакнење на јавното внимание и за поддршка на Иницијативата за основање на РЕКОМ.

РТЈЗ **Првиот состанок** го одржа на **3.11.2011**. во Загреб. Расправата беше посветена на придвижување на процесот на политичко заговарање. Со оглед дека претставниците на државните институции на Црна Гора први пружија силна поддршка за основање на

РЕКОМ, РТЈЗ реши да побара состанок со претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ и да го замоли да започне постапка за институционализација на иницијативата РЕКОМ.

БХ Коалицијата за РЕКОМ одржа состанок на 4.12.2011. година во Сараево, на кој членките на Коалицијата им дадоа силна поддршка на јавните заговарачи и на иницијативата за формирање две организации за транзициска правда – една со седиште во Бања Лука, втора во Сараево – кои ќе пружат стручна поддршка на Регионалниот тим на јавни заговарачи и ќе организираат/поддржуваат активности за јакнење на јавното внимание во однос на Иницијативата РЕКОМ. Членките на Коалицијата ги обврзаа јавните заговарачи да се залагаат за усвојување на Предлог-статутот на РЕКОМ во форма во која тој е усвоен на Собранието на Коалицијата за РЕКОМ на 26.03.2011. Ако политичарите го оспоруваат и предлагаат измени на некои одредби на Предлог-статутот, Коалицијата ги обврза заговарачите за тоа да го информираат Собранието на Коалицијата за РЕКОМ, која единствено е надлежна да ги одобри измените на стратегијата на јавно заговарање на Иницијативата РЕКОМ.

**Поддршка на претседателот на Црна Гора**

РТЈЗ, кој го претставуваа Наташа Кандиќ, Здравко Гребо, Динко Грухоњиќ и Драгољуб Душко Вуковиќ, на 12.12.2012. година во Подгорица разговараше со претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ за можностите за основање на РЕКОМ. Во разговорите учествуваше и Далиборка Уљаревиќ, извршна директорка на Центарот за граѓанско образование во Црна Гора.

Претседателот Вујановиќ го прифати предлогот на членовите на РТЈЗ со лично писмо да ги повика претседателите во регионот својата генерална поддршка за иницијативата за основање на РЕКОМ да се конкретизира така што ќе започне процедура за испитување на правните можности за основање на РЕКОМ.

После состанокот со претседателот на Црна Гора, членовите на РТЈЗ одржаа прва конференција за печатот, на која новинарите ги запознаа со новата фаза на процесот РЕКОМ и со подготвеноста на претседателот на Црна Гора да се заложи кај претседателите на државите во регионот за основање на РЕКОМ.

Претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ на **15.01.2012.** година им упати писмо на претседателите на државите во регионот повикувајќи ги да формираат официјална експертска група која ќе го разгледа Статутот на РЕКОМ кој го предлага Коалицијата, усогласувајќи го својот став во поглед на предложените цели, задачи и мандатот на РЕКОМ.

**Втор состанок на РТЈЗ**

Вториот состанок на РТЈЗ е одржан на **24.02.2012.** година во Белград. Главната тема на состанокот беше прашањето за „тврдото јадро" на Предлог-статутот на РЕКОМ кое јавните заговарачи ќе го застапуваат во разговорите со домашните политичари. Укажувајќи на потребата на регионалната комисија, Жарко Пуховски рече: „Фактите за жртвите не можат да се утврдат поинаку од регионално, затоа што и војските и жртвите и бегалците се прелевале преку границите. И тие граници ги немаше... Јас навистина мислам дека е тоа елементарно. И ако Хрватите тврдат дека Србите ги нападнале и дека ги носеле Хрватите во логори во Србија, што е се вистина, тогаш треба да се сфати дека Хрватска сама не може ширум Ниш и Стајичево, да бара кој е мачен и каде се наоѓа некој кој е таму убиен." Во врска со целите и задачите на РЕКОМ, членовите на РТЈЗ заклучија дека нив ги обврзува фактот дека Собранието на Коалицијата за РЕКОМ на 26.03.2011. година го усвои Предлог-статутот на РЕКОМ, како и ставот на сите учесници во консултативниот процес дека за Коалицијата најважна задача [ „тврдото јадро"] е утврдување на фактите за жртвите и за воените злосторства. Во склад со тоа, никој нема право да се откаже од најважната задача на РЕКОМ. Се друго ќе биде отворено за расправа, со тоа што, ако политичарите изнесат конкретни предлози, тогаш за тоа конкретно ќе се расправа на Собранието на Коалицијата за РЕКОМ.

**Почетна стратегија на РТЈЗ**

Во електронската комуникација, РТЈЗ во март 2012. година го состави почетниот план на јавно заговарање на Иницијативата РЕКОМ, кој тргнува од политичката ситуација во секоја земја посебно и од расположивите средства. Според планот, јавните заговарачи во Македонија и на Косово ќе дадат предност на информирањето на амбасадите на

земјите членки на ЕУ, на скандинавските земји и на САД за прогресот на процесот РЕКОМ, додека обраќањето до претседателите на своите земји ќе го одложат, за да се согледа ползата од заложбата на претседателите на Црна Гора и на Хрватска на институционализацијата на Иницијативата РЕКОМ. Јавните заговарачи во Србија ќе почнат со заговарање за иницијативата после парламентарните и претседателските избори во Србија.

**Поддршка на Високиот претставник за Босна и Херцеговина**

Јавните заговаеачи во БиХ, Здравко Гребо, Дино Мустафиќ и Џенана Каруп-Друшко Иницијативата РЕКОМ на **10.04.2012** во Сараево му ја претставија на Високот претставник Валентин Инзико. На состанокот учествуваше и Едина Ѓурковиќ, извршна директорка на новоснованата невладина организација *Транзициска правда, одговорност и сеќавање во БиХ* (ТПОС БиХ).

Високиот претставник особено го истакна потенцијалот на РЕКОМ со именувањето и со признавање на направените злосторства во регионот да придонесе за консолидирањето на мирот и за регионалната стабилност. Високиот претставник предложи пред летото да организира состанок на дипломатскиот кор, на кој јавните заговарачи би ги информирале амбасадорите на земјите членки на ЕУ за процесот РЕКОМ.

**Поддршка на амбасадорите на Швајцарија, на Германија и на Норвешка во Македонија**

Јавниот заговарач на Иницијативата РЕКОМ во Македонија, професорката на Филозофскиот факултет во Скопје, Билјана Ванковска и локалниот заговарач, Оливер Станоески, во текот на **април** и на **мај** 2012. година, во инаку мошне неповолната политичка ситуација, имаа состаноци со амбасадорите на Швајцарија (амб. Стефано Лазарото), на Германија (н амб. Гудрун Стеинакер) и на Норвешка (амб. Кједил Паулсен) . Разговорот со норвешкиот амбасадор се покажа како тропање на отворена врата, со оглед дека таа земја е силен поддржувач на Иницијативата РЕКОМ. Амбасадорот Паулсен повтори дека Норвешка цврсто стои зад РЕКОМ и дека тој ќе го информира норвешкото Министерство за надворешни работи за тоа дека и Македонија

е вклучена во Иницијативата РЕКОМ, како и дека иницијативата треба да се поддржи и во однос на тој факт. Амбасадорот Лазароти вети дека ќе се заложи кај Министерството за надворешни работи  на својата земја да ги испита сите можности за поддршка на Иницијативата РЕКОМ.

Амбасадорката Стеинакер ја изрази  личната поддршка и ставот на германската влада да го поддржува процесот на документирање на злосторствата како сигурен инструмент за да се дојде до вистината, толку важна за жртвите, но и за целото општество. Амбасадорката и нејзиниот заменик, Валтер Леух ја потврдија подготвеноста во своите контакти со македонските официјални лица да истакнат дека се сретнале со јавните заговарачи и дека ја дале својата поддршка за формирање на регионална комисија.

Амбасадорите укажаа и дека договорот за амнестија на воените злосторства врз кој почива владејачката коалиција е препрека за отворање на процесот на соочување со минатото во Македонија.

**Претседателот Иво Јосиповиќ го поддржа основањето на официјална Експертска група**

Јавните заговарачи на Иницијативата РЕМКОМ – Жарко Пуховски, Наташа Кандиќ, Здравко Гребо и Дино Мустафиќ – разговараа на **8.05.2012.** во Загреб со претседателот на Хрватска, Иво Јосоповиќ за потребата од посилна и поотворена поддршка за институционализацијата на Иницијативата РЕКОМ. На состанокот учествуваа и Марио Мажиќ од Иницијативата на младите за човекови права во Хрватска, Дејан Јовиќ, главен надворешно-политички советник на претседателот Јосиповиќ и Зринка Врабец Мојзеш, советничка за општествени прашања на претседателот Јосиповиќ. Претседателот Јосиповиќ го поддржа предлогот на јавните заговарачи за формирање на официјална Регионална експертска група која ќе го разгледа Статутот на РЕКОМ кој го предложи Регионалната коалиција за РЕКОМ, ќе го даде своето мислење за забелешките дека РЕКОМ ги презема надлежностите на судските органи и ќе изработи Предлог-статут кој  ќе го понуди на разгледување на владите на земјите во регионот. Претседателот Јосиповиќ ќе делегира свои претставници и ќе ги повика другите претседатели од регионот да одредат правни експерти кои ќе учествуваат во работата на Регионалната експерска група. Претседателот Јосиповиќ лично ќе се заложи

правните експерти да ги испитаат уставно-правните можности за реализација на Иницијативата РЕКОМ во секоја поединечна емја во регионот. За својот личен претставник во регионалната експертска група, ќе ја извести РТЈЗ. Така претседателот на Хрватска ќе биде прв кој ќе одговори на повикот на претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ упатен до претседателите на земјите од регионот на 15.01.2012. година, да пристапат кон разгледување на уставно-правните можности за основање на РЕКОМ.

**Поддршка на амбасадорот на САД во БиХ**

Јавните заговарачи во БиХ, Здравко Гребо, Дино Мустафиќ и Џенана Каруп-Друшко и извршната директорка на здружението ТПОС БиХ, Едина Ѓурковиќ, на **11.05.2012**. година се состанаа со амбасадарот на САД во БиХ, Патрик. С. Мун (Patrick S. Moon). Амбасадорот Патрик С. Мун недвосмислено го поддржа основањето на РЕКОМ, повикувајќи се на политиката на помирување која ја оподдржува владата на неговата земја. Ги пофали целите и досегашните постигања во процесот РЕКОМ.

**Недостаток на политичка поддршка во Србија и на Косово**

Коалицијата за РЕКОМ не успеа на досегашниот претседател на Србија, Борис Тадиќ и на претседателката на Косово, Атефате Јахјага, да им ја предаде петицијата за основање на РЕКОМ, која ја потпишаа 543.000 граѓани од пост-југословенските земји, како и барањето за вклучување на државните институции во процесот РЕКОМ. Според сознанијата на Коалицијата за РЕКОМ, Борис Тадиќ има резерви кон Иницијативата РЕКОМ заради забелешките на некои правници и невладини организации дека Предлог-статутот на РЕКОМ предвидува РЕКОМ да има надлежности на судските органи. Воздржаноста на претседателката на Косово произлегува од нејзиниот став дека разгледувањето на Иницијативата РЕКОМ е во надлежност на Парламентот на Косово.